# Живот
ВЕСТ

"ЗЛАТНА БУБАМАРА НА ПОПУЛАРНОСТА" ГО ОБЈАВИ СЛОГАНОТ ЗА 17. ИЗДАНИЕ

## Од пари се живее - не од воздух



Сашко Коцев на ланската "Златна бубамара"

Шоуто "Златна бубамара на популарноста" го објави својот нов слоган за следното шоу, кое ќе одржи во февруари следната година. Седумнаесеттото издание ќе се одржи под слоганот "Од пари се живее - не од воздух".

"Во третата недела на февруари, традиционално по 17. пат, ќе се одржи доделувањето на наградите, при што организаторот ги обврзува сите посетители и учесници да бидат во тек со времето (современи), да користат автоцензура и да дојдат на настанот без своите автомобили. Чистиот воздух и мирната душа се потреба во секое хумано општество, и додека го чекаме тој убав ден, бараме да молчите, да слушате радио и да дишете по дома.

Овој голем медиумски празничен ден повторно ќе биде во знакот на непредвидливата сатира, пристојниот хумор, добрата музика и аплаузите за сите добитници, меѓу кои и најголемите македонски и балкански ѕвезди", најавуваат од штабот на радиото "Бубамара".

Билетите ќе се продаваат од 12 јануари, преку "Мктикетс". Водител ќе биде Сашко Коцев, а сценариото е на Ранко Петровиќ.

***(М.Џ.)***

## Емина и Кики ги избраа своите фаворити во "Икс фактор"

Шестмина натпреварувачи одат во следната фаза на шоуто "Икс фактор Адрија", шоу во живо. Завчера, на телевизија "Сител", ја гледавме фазата "куќите на судиите". Во својот дом во Истанбул, групата машки пејачи до 27 години ја пречека Емина Јаховиќ-Сандал, а Кики Лесендриќ, кај него во Белград, ги нагости пејачките до 27 години.

Како свој гостин-ментор Кики го повика Скот Милс од радиомрежата "Би-Би-Си", а Емина Јаховиќ за помош го повика својот сопруг, турската поп-ѕвезда Мустафа Сандал. Тешка беше одлуката на судиите да изберат по тројца од шестемина кандидати. Од групата на Кики, поминаа Тамара Милановиќ, Илма Карахмет и Александра Брковиќ, а Емина ги избра Харис Ќато, Лукијан Ивановиќ и Алекса Перовиќ.



Емина Јаховиќ го избра својот сопруг, турската поп-ѕвезда и продуцент Мустафа Сандал, за свој помошник-ментор

Македонските натпреварувачи ќе се претставаат следниот вторник, во групите на менторите Жељко Јоксимовиќ и Кристина Ковач.

***(М.Џ.)***

***Фото: Лука Пилиповиќ***